**Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем**
**Обука за заштита на лични податоци за претставници на граѓански организации**
**Време и место на одржување: 13.09.-14.09.2023, Јавна соба**
**Обучувачи: Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска, консултанти за заштита на лични податоци**

# АГЕНДА

**Цел(и) на обуката**:

- Да ги унапредат познавањата на учесниците на правната рамка за заштита на лични податоци и
- Да ги зајакнат капацитетите на учесниците за превенција и надминување на потенцијални ризици по заштитата на личните податоци на граѓаните, вклучително и при користење електронски јавни услуги.

**Целни групи**

- Претставници на граѓански организации и медиуми

**Очекувани резултати**

- Учесниците имаат подобро разбирање за начелата на регулативата за заштита на лични податоци, правата и обврските на контролорите и субјектите на лични податоци;
- Учесниците имаат унапредени вештини за усогласување на својата работа и интерни процедури со Законот за заштита на личните податоци;
- Учесниците знаат како да ги информираат граѓаните за правата кои ги имаат како субјекти на лични податоци и
- Учесниците имаат зајакнати капацитети за застапување за поголема заштита на личните податоци на граѓаните од страна на контролорите на лични податоци.

**Методологија и алатки**

Обучувачите ќе направат комбинација од повеќе наставни методи соодветни на темата што се обработува, како и на динамиката на групата. Методите кои ќе се применат во обуката, вклучуваат:

- Кратки предавања со презентација;
- Индивидуална работа;
- Работа во парови и мали групи;
- Презентации на учесниците;
- Анализа на реални случаи и судска практика;
- Прашања и одговори.

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| датум | Ден 1-13.09.2023, среда | | | |
|---|---|---|---|---|
| време | Наслов на сесијата | Краток опис на сесијата | Обучувачи | Материјали |
| 09:00 – 09:30 | Регистрација на учесници и утврдување на предзнаењата | Оваа сесија ќе биде посветена на регистрација и запознавање на учесниците и обучувачите. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | |
| 09:30 – 09:45 | Вовед во приватноста | Оваа сесија ќе биде посветена на значењето на приватноста како човеково право | Мартин Лазаревски | |
| 09:45 – 10:30 | Дефиниции и регулатива за заштита на личните податоци | Оваа сесија ќе понуди воведен преглед во актуелната регулатива за заштита на личните податоци на национално ниво и на ниво на ЕУ. Сесијата ќе дефинира што е личен податок, што е субјект, што е контролор, а што обработувач на лични податоци. Во оваа сесија ќе биде спроведена вежба за утврдување на терминологијата. | Мартин Лазаревски | Закон за заштита на личните податоци |
| 10:30 – 10:45 | Пауза | | | |
| 10:45-11:30 | Начела за обработка на лични податоци | Оваа сесија ќе овозможи запознавање на учесниците со начелата на кои се темели Законот за заштита на личните податоци и нивна практична примена. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 11:30 – 12:30 | Начела за обработка на лични податоци | Во оваа сесија ќе бидат опфатени сите начела посебно. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 12:30 – 13:00 | Пауза за ручек | | | |
| 13:00 – 13:45 | Начела на обработка на личните податоци | Оваа сесија опфаќа вежби за начелата за заштита на личните податоци. | | |
| 13:45 - 14:30 | Права на субјектите на лични податоци | Во оваа сесија учесниците ќе добијат појаснување на правата што ги имаат | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | физичките лица како субјекти на лични податоци според актуелната регулатива. Исто така, учесниците и ќе се стекнат со знаења коишто ќе можат да ги споделуваат со физичките лица во однос на индивидуалната заштита на личните податоци. | | |
| 14:30 – 15:00 | Вежба за правата на субјектите | Преку оваа вежба учесниците ќе имаат можност да спроведат вежба за правата на субјектите на личните податоци. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:00 – 15:30 | Евиденција на активности на обработка на личните податоци | Во оваа сесија ќе се потенцира важноста на водење евиденција и нејзино одржување. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:30 – 16:00 | Вежба за евиденцијата на активности на обработка | Преку оваа вежба учесниците ќе имаат можност да пополнуваат евиденција на активности на обработка на лични податоци. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 16:00 – 16:30 | Дискусија, Q&A | Во оваа сесија ќе се сумираат темите кои биле опфатени на претходните сесии. Учесниците ќе имаат можност да добијат дополнителни појаснувања, како и да споделат примери и потенцијални предизвици. | | |
| датум | | Ден 2-14.09.2023, четврток | | |
| време | Наслов на сесијата | Краток опис на сесијата | Обучувачи | Материјали |
| 09:00 – 09:15 | Пристигнување на учесниците | | | |
| 09:15 – 10:15 | Офицер за заштита на личните податоци | Во оваа сесија ќе стане збор за улогата и функцијата на офицерот за заштита на лични податоци и ќе се даде одговор на следните прашања: Кои | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | организации/институции треба да назнат офицер за заштита на лични податоци; Кој може да биде офицер за заштита на лични податоци и кои му се обврските и одговорностите? | | |
| 10:15 – 10:30 | Кафе-Пауза | | | |
| 10:30 – 11:30 | Специфични обработки на лични податоци | Во оваа сесија ќе бидат анализирани примери на специфични обработки на лични податоци (Видео надзор, колачиња итн). | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци, Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор |
| 11:30 – 12:30 | Пренос на лични податоци | Оваа сесија ќе ги опфати начините на пренос на лични и механизмите кои стојат на располагање за пренос на лични податоци. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на лични податоци, Правилник за пренос на лични податоци. |
| 12:30 – 13:00 | Пауза за ручек | | | |
| 13:00 – 13:30 | Анализа на ризик и Проценка на влијанието за заштита на личните податоци | Оваа сесија се однесува на анализата на ризик и нејзината важност кон определување на техничките и организациски мерки, како и проценката на влијанието на заштита на личните податоци. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на лични податоци, Правилник за процесот на проценка на влијанието на заштитата на лични податоци |
| 13:30 – 14:30 | Безбедност на личните податоци | Овој дел ги опфаќа техничките и организациските мерки што контролорите треба да ги преземат за да осигураат безбедност на личните податоци кои ги обработуваат. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на лични податоци, Правилник за безбедност на обработката на личните податоци |

Проектот е кофинансиран од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14:30 – 15:00 | Нарушување на безбедноста на личните податоци | Што претставува нарушување на безбедноста на личните податоци и кои чекори треба да се преземат доколку настане нарушување на безбедноста на личните податоци. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци, Правилник за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци |
| 15:00 – 15:30 | Обработка на лични податоци во граѓански организации | Во оваа сесија ќе биде анализиран пример на обработка на лични податоци специфични за граѓанските организации. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:30 – 15:45 | Пат за усогласување со Законот за заштита на лични податоци | Ќе се презентираат чекорите кои водат кон усогласување со Законот за заштита на личните податоци. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | Закон за заштита на личните податоци |
| 15:45 – 16:15 | Дискусија, Q&A и сумирање на научените лекции | Во оваа сесија ќе се сумираат темите кои биле опфатени за време на целата обука. Учесниците ќе имаат можност да добијат дополнителни појаснувања, како и да споделат примери од потенцијални предизвици. | Мартин Лазаревски и Катерина Долгоска | |
| 16:15 – 16:30 | Утврдување на знаењата стекнати на обуката | Со овој анонимен тест ќе се утврди нивото на стекнато знаење од оваа обука. | | |

Проектот е кофинансиран
од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект